**ГОДИШЕН ПЛАН**

на единицата за внатрешна ревизија во

Општина Македонски Брод

____________________________________________________________________________________

за 2020 година

Декември, 2019 година

Македонски Брод

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО (се наведува тековната година)

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии *(внесете ја тековната година)*

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

V. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

Годишниопт план за 2020 година е изготвен врз основа на Стратешкиот план 2020-2022 година на внатрешната ревизија донесен од страна на Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на Одделението за внатрешна ревизија од Стратешкиот план 2020-2022 година и ги утврдува целите, опфатот и кои се потребни за извршување на секоја поединечна ревизија за 2020 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Секоја промена на Годишниот план ја одобрува Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

## II. ВРСКА НА СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

### 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечните ревизии планирани за 2020 година усогласени се со усвоениот Стратешки план за ревизија 2020-2022 година . Односот помеѓу задачите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план прикажан е во следната табела:

***Табела 1: Врска на планираните ревизии во Стратешкиот и Годишниот план***

| **Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план** | **Планирани ревизии во тековната година** |
|---|---|
| **Следење на препораки** | **Ревизија по следење на препораки во Општина М.Брод** |
| **Работење на Јавните претпријатија** | **Ревизија на работењето на ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод** |
| **Програма** | **Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води** |
| **Работење на Јавните претпријатија** | **Ревизија на работењето на ЈП Водовод и Канализација Општина Македонски Брод** |

### 2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешна ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија:

*Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР*

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1. | - да се увериме во правилното постапување и придржување на роковите дадени за отстранување на наодите и дадените препораки по извршената ревизија и утврдените рокови за нивно отстранување | Навремено извршување на планираните ревизии, давање на препораки за отстранување на недостатоците | Ревизија по следење на препораки во Општина М.Брод |
| 2. | да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата,дека функционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасно и ефективно. | Навремено извршување на планираните ревизии давање на препораки за отстранување на недостатоците | Ревизија на работењето на ЈКП Комунална хигиена – Македонски Брод |
| 3. | -Дали програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води е реализирана согласно предвидениот акционен план,<br>-Дали е постигнат ефектот предвиден во програмата<br>- Дали има изготвено извештај за реализација на програмата | Навремено извршување на планираните ревизии давање на препораки за отстранување на недостатоците | Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води |
| 4. | да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива, дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата,дека функционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасно и ефективно. | Навремено извршување на планираните ревизии давање на препораки за отстранување на недостатоците | Ревизија на работењето на ЈП Водовод и Канализација Општина Македонски Брод |

## III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2019 ГОДИНА

### 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

Од Годишниот план за 2019година , спроведени се сите планирани поединечни ревизии и тоа: Ревизија по следење на препораки во Општина М.Брод, Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици, Ревизија на финансиските извештаи за 2018г. во ОЈУДГ 7-ми Септември-М.Брод Општина Македонски Брод.

### 3.2. Поединечни ревизии во 2020 година

Внатрешна ревизија во 2020 година ќе ги спроведе следните поединечни ревизии поради реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за период 2020-2022 година како што следува:

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | **Ревизија по следење на препораки во Општина М.Брод** |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | ***среден*** |
| Цел на ревизијата: | **да се увериме во правилното постапување и придржување на роковите дадени за спроведување на препораките и дека нивното спроведување ја подобрило ефикасноста и ефективноста на работењето на ревидираните субјекти** |
| Опфат на ревизијата: | **Анализа на системот: Проверка на дадените наоди и препораки во акционите планови за извршени ревизии по сектори и одделенија во општината** |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | **Сектори и одделенија** |
| Институции во надлежност | |
| Ревизорски методи: | **Преглед, анализа на документација,** |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на **работењето** на **ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод** |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | ***среден*** |
| Цел на ревизијата: | **да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата,дека функционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасно и ефективно.** |
| Опфат на ревизијата: | **работењето** на **ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод** |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | **ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод** |
| Институции во надлежност | **ЈКП Комунална хигиена –Македонски Брод** |

| | |
|---|---|
| Ревизорски методи: | **Теренска работа, тестирање и преглед на документацијата, интервју со вработените** |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | **Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води** |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | ***среден*** |
| Цел на ревизијата: | **Дали програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води е реализирана согласно предвидениот акционен план,** <br><br> **-Дали е постигнат ефектот предвиден во програмата** <br> **- Дали има изготвено извештај за реализација на програмата** |
| Опфат на ревизијата: | **Проверка на процесот: Проверка на процесот документација , разгледување на програми, следење, документација,** |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | **Сектор за комунални дејности,ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина** |
| Институции во надлежност | |
| Ревизорски методи: | **Теренска работа, тестирање и преглед на документацијата, интервју со вработените** |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | **Ревизија на работењето на ЈП Водовод и Канализација Општина Македонски Брод** |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | ***среден*** |
| Цел на ревизијата: | **да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата,дека функционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасно и ефективно.** |
| Опфат на ревизијата: | **работењето на ЈП Водовод и Канализација** |
| Организациони единици вклучени во Ревизијата | **ЈП Водовод и Канализација** |
| Институции во надлежност | **ЈП Водовод и Канализација** |
| Ревизорски методи: | **Теренска работа, тестирање и преглед на документацијата, интервју со вработените** |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени според следниот распоред:

***Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци***

| Име на ревизија | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија по следење на препораки во Општина М.Брод | → | → | | | | | | | | | | |
| Ревизија на работењето на ЈКП Комунална хигиена – Македонски Брод | | → | → | → | → | | | | | | | |
| Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води | | | | | → | → | → | → | | | | |
| Ревизија на работењето на ЈП Водовод и Канализација Општина Македонски Брод | | | | | | | | → | → | → | → | → |

**3.3. Други активности на внатрешната ревизија**

Одделението за внатрешна ревизија ке преземе и други активности и тоа:

• Следење на спроведувањето на стратешкиот план и негово ажурирање на крајот на годината,

• Воспоставување на годишен план за 2020 година врз основа на ажуриран стратешки план,

• Правење ad hoc ревизии кои не се планирани за годишниот план за 2020 година, за коишто се јавува потреба на барање на градоначалникот,

• Соработка со сите составни единици на општината, учество во раководните курсеви во советодавна улога,

• Соработка со СЈВФК, внатрешна ревизија во други институции и сите други органи и институции во согласност со барањата.

•други активности поврзани со функционирањето на внатрешната ревизија на општината.

**IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ**

**4.1. Утврдување на можен број на ревизорски денови во годината**

Можен број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор во ЕВР.

***Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во* 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Вкупен број денови во годината** | **365** |
| **Денови за викенд** | **104** |
| **Број на денови за годишен одмор** | **25** |
| **Празници** | **14** |
| **Број на ревизорски денови на раководителот на одделението за внатрешна ревизија за** | **185** |

| | |
|---|---|
| **2020година** | |
| **Изработка на планови,стручно мислење,совети,состаноци15%** | **37** |
| **Број на ревизорски денови на внатрешниот ревизор на одделението за внатрешна ревизија** | **185** |

**4.2. Пресметката на потребното време за активностите во Годишниот план**

Задачите на ревизијата и потребните денови се доделуваат на активностите во Годишниот план како што следува:

***Табела 5: Пресметка на потребното време***

***за ревизорските активсности во* 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Поединечни ревизии,ревизорски денови** | **185 денови** |
| **Други активности** | **37 денови** |
| **Вкупно потребни ревизорски денови** | **185 денови** |
| **Број на ревизорски денови на раководителот на одделението за внатрешна ревизија** | **185 денови** |
| **Број на ревизорски денови на внатрешниот ревизор на одделението за внатрешна ревизија** | **185 денови** |
| **Просечен број на денови за ревизија за ревизор и за раководител на одделението за В.Р** | **40 + 40 = 80 денови** |
| **Број на ад хок ревизии во 2020година** | |

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека одделението за внатрешна ревизија има доволно ресурси за исполнување на целите од овој Годишен план.

**V. ЗАКЛУЧОК**

Во текот на 2020 година, внатрешната ревизија ќе ги фокусира своите активности на:

- Изготвување на Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните котроли за 2019 година;
- обезбедување на квалитетот на ревизијата и извршување на Годишниот план,
- зајакнување на системот на внатрешна контрола во општината и институции во надлежност,
- примена на нови стандарди на работа, во врска со развојот на методолошки пристап кон вршењето на функцијата на внатрешна ревизија,
- обезбедување на постојана стручна обука за стекнување на нови и проширување на постоечките знаења и вештини, во согласност со применливите упатства за континуиран професионален развој на внатрешните ревизори во јавниот сектор,
- континуирана соработка со внатрешната ревизија и финансиската контрола и други единици на локална самоуправа со цел размена на информации и искуства и проширување на знаењето.

Одделението за внатрешна ревизија врши следење на спроведувањето на препораките дадени во претходните ревизии и нивно остварување во практика, бидејќи само спроведувањето на дадените препораки ја зголемува дополнителната вредност на внатрешната ревизија. Целите и обемот на внатрешната ревизија се однесуваат на проценката на системот за внатрешна контрола и нејзиното зајакнување и влијанието врз зголемување на транспарентноста и зголемување на нивото на усогласеност на субјектите со пропишаните прописи во сите сегменти.

**Датум: 05.12.2019 год.**
**Бр.13-823/8**

**Раководител на Одделение**
**за Внатрешна ревизија**
**Билјана Бошкоска с.р.**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник**
**Дипл.шум.инж.Живко Силјаноски с.р.**